Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 10-388/2
Дата:
19-06-2023

[redacted]
1000 Скопје

Предмет: Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна, по електронски пат, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено со наш архивски број 10-388/1 од 05.06.2023 година.

Во продолжение бараните информации, редоследно согласно Вашето барање:

1. **Колку претставки поднесени од жени за дискриминација при вработување и на работно место, има добиено Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во последните три години? И за каква форма на дискриминација се претставките?**

Од основањето и започнувањето со работа на КСЗД (во 2021 година) примени се вкупно 81 претставки поднесени од жени за дискриминација во областа на работата и работните односи. Од нив 25 се отфрлени, односно не била поведена постапка или постапката била запрена, додека за 42 претставки била поведена постапка за утврдување на дискриминација и донесени се соодветни мислења, од кои:

- во 12 случаи е утврдена дискриминација, а
- во 30 случаи не е утврдена дискриминација.

Во споменатите 12 случаи во кое е утврдена дискриминација, КСЗД ги утврдила следните облици и видови на дискриминација поднесени од жени во областа на работата и работните односи:

- 5 случаи на директна дискриминација;
- 2 случаи на директна дискриминација и индиректна дискриминација;
- 1 случај на индиректна дискриминација;
- 1 случај на директна продолжена дискриминација, вознемирување и виктимизација и
- 3 случаи на вознемирување.

Дискриминација во областа на работата и работните односи во претставките поднесени од жени е утврдена врз следните дискриминаторски основи:

- 4 случаи врз основа на лично својство и општествен статус;
- 2 случаи врз основа на политичко уверување;
- 2 случаи врз основа на образование;
- 1 случај врз основа на национална или етничка припадност;
- 1 случај врз основа на пол и лично својство и општествен статус;
- 1 случај врз основа на здравствена состојба и
- 1 случај врз основа на попреченост.

За 14 претставки постапувањето/одлучувањето е во тек.

2. **Кои се чекорите кои може да ги преземе Комисијата по добиените претставки за ваква дискриминација?**

За претставките за кои се утврдува законска надлежност за постапување и кои ги содржат сите задолжителни елементи согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата спроведува постапка и во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на претставката дава мислење и истото го доставува до поднесувачот и до лицето против кое е поднесена претставката.

Во мислењата со кои се утврдува дискриминација, КСЗД препорачува начин на отстранување на повредите на правото. Лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката или во подолг рок доколку постојат особено оправдани причини, но не подолго од шест месеци, како и за тоа да ја извести Комисијата.

Доколку лицето на кое е упатена препораката не постапи по препораката во определениот рок, Комисијата поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Ви стоиме на располагање за сите дополнителни информации.

Со почит,

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател
Исмаиљ Камбери